**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-510/4**
**15.09.2022год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/2020) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е  З А  Ј А В Е Н  П О В И К

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Блок 5 од Урбанистички план за село Богородица - општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и јавна анкета за**
**Изменување и дополнување на дел од Блок 5 од урбанистички план за село Богородица, КО Богородица, општина Гевгелија**

Предметниот плански опфат е ограничен со осовините на улиците: “Сервисна 2” и станбените улици “18”, “21” и “22” кои формираат една целина на дел од Блок 5 од Урбанистичкиот План за село Богородица.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 12.973,73 м2.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во младинскиот дом „Мите Танов – Коми„ во с.Богородица на ден 03.10.2022 година (понеделник) со почеток во 11.00 часот.**

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласна табла во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, во Службен Гласник на Општина Гевгелија и во две јавни гласила.

Јавната анкета ке трае 30 дена и тоа од 03.10.2022г. до 02.11.2022г.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijas@mt.net.mk